ООУ „Браќа Миладиновци“

с. Царев Двор, Ресен

# Извештај од самоевалуација

## 2022-2024



Август 2024

# Содржина


Училишна комисија за самоевалуација ........ 2

Лична карта на училиштето ........ 3

Вовед ........ 4

Мисија и визија ........ 4

Извештај од спроведената самоевалуација ........ 6

Подрачје 1 - Планирање,настава и учење ........ 6

Подрачје 2:Постигања на учениците ........ 8

Подрачје 3 - Училишна клима и односи во училиштето ........ 10

Подрачје 4: Управување, раководење и креирање политики ........ 13

Заклучок ........ 15

## Училишна комисија за самоевалуација

1. Жанета Савевска – предметен наставник по математика
2. Магдалена Касовска – одделенски наставник
3. Љубица Мицановска – социолог
4. Наташа Нечовска – предметен наставник по природни науки

## Лична карта на училиштето

Лоцираност на училиштето и реон од кој опфаќа ученици

ООУ „Браќа Миладиновци" – С. Царев Двор, Ресен е лоцирано во С. Царев Двор.

Во состав на Училиштето работат следните подрачни училишта:

1. ПУ Езерени, С. Езерени
2. ПУ Дрмени, С. Дрмени
3. ПУ Покрвеник, С. Покрвеник
4. ПУ Стење, С. Стење

Глобална структура на дејноста

Наставната програма се реализира за учениците од прво до деветто одделение во централното училиште на македонски наставен јазик и од прво до петто одделение настава на турски јазик.

Во подрачните училишта наставата се изведува во комбинирано паралелки од прво до петто одделение, на македонски наставен јазик.

| Иметонаучилиштето | **ООУ БраќаМиладиновци** |
|---|---|
| Адреса, општина, место | ЦаревДвор |
| Телефон | 047-489-402 |
| фах | 047-489-402 |
| Е-маил | brakamiladinovcicarevdvor@gmail.com |
| Основаноод | МОН |
| Верификација-бројнаактот | 03-2842/1 |
| Годинанаверификација | 1986 |
| Јазикнакојсеизведуванаставата | Македонски и турскијазик |
| Годинанаизградба | 1962 |
| Типнаградба | Цврста |
| Површинанаобјектот | 2600м2 |
| Површинанаучилишниотдвор | 700м2 |
| Површинанаспорсткитерени и игралишта | 800м2 |
| Училиштеработивосмена | Воеднасмена |
| Начинназагревањенаучилиштето | дрва |
| Бројнаодделенија | 9 |
| Бројнапаралелки | 14 |
| Бројнасмени | 1 |

# Вовед

Врз основа на член 129 став 1,2,3,4 и 5 од Законот за основно образование (Службен весник на РСМ бр.161 од 05.08.2019 г.) директорот на ООУ „Браќа Миладиновци“ – С. Царев Двор, Ресен ја донесе одлуката за формирање на тим за самоевалуација за периодот 2022-2024 година. Тимот за изготвување самоевалуација на работата на ООУ „ Браќа Миладиновци “, за периодот од 2022 до 2024 година, изврши самоевалуација на работата во училиштето.

При извршената анализа на сите 4 подрачја на Самоевалуацијата за периодот 2022-2024 година, Комисијата изготви извештај.

При изготвување на Самоевалуацијата за 2022-2024 покрај Законот за Основно образование и Индикаторите за квалитетот на работата на училиштето изготвени од МОН и ДПИ, беа користени и други документи кои можат да помогнат и да бидат извор на податоци за процесот на Самоевалуација на училиштето.

Целта на Самоевалуацијата е со конкретни анализи во сите области на работење на училиштето да се добие слика за квалитетот во работењето, напредокот и постигањата на училиштето, јаките и слаби страни за кои следуваат и предлог мерки за надминување. Воочените слабости ќе ги мотивираат сите учесници во наставниот процес (директни и индиректни) да ги вложат сопствените капацитети и да ги искористат постојните ресурси за подобрување на условите и стандардите во училиштето. На тој начин ќе се придонесе за целосно и квалитетно реализирање на воспитно-образовниот процес. Самоевалуацијата ги издвојува и приоритетните области на делување за унапредување и осовременување на наставните и воннаставните активности. Заедничка цел на сите субјекти во училиштето е да се отстранат слабите страни, а јаките страни да се одржат и да се зајакнуваат согласно предизвиците и трендовите во воспитно-образовниот процес.

Според анализите од спроведената Самоевалуација за периодот 2022-2024 година комисијата резултатите со предлог на мерки за подобрување на квалитетот на воспитно-образовната работа ги доставува до училишниот одбор, директорот на училиштето и основачот.

Предлог мерките училишниот одбор и директорот ги земаат во предвид при изработка на годишната програма за работа на училиштето и развојната програма.

## МИСИЈА И ВИЗИЈА

Нашето училиште има мисија за обезбедување на што поквалитетно воспитание и образование на учениците, имајќи во превид дека само учениците кои ќе стекнат добро

воспитание и образование ќе можат да одговорат на предизвиците со кои ќе се сретнат во нивниот понатамошен живот и социјализација во општеството.

# Извештај од спроведената самоевалуација

## ПОДРАЧЈЕ 1 - ПЛАНИРАЊЕ,НАСТАВА И УЧЕЊЕ

Индикатори во рамките на подрачјето

1.1. Планирања на наставниците;
1.2. Наставен процес;
1.3. Искуства на учениците од учењето;
1.4. Оценувањето како дел од наставата;
1.5. Воннаставни активности и натпревари

Резултати:

Јаки страни:

- ✓ Училиштето обезбедува навремена обука на наставниците и стручните соработници за примена на современи методи и техники на планирање на наставата. По спроведените обуки, обучениот кадар редовно врши дисеминација на останатите наставници и стручни соработници. Од страна на стручната служба и директорот се следат планирањата на наставниците, има утврдени процедури за следење и давање поддршка за подобрување.
- ✓ Најмалку два пати во едно полугодие се следат планирањата на наставниците од директорот и од стручната служба.
- ✓ Наставниците еднаш месечно разменуваат искуства за планирањата во рамки на стручните активи, користат стручни искуства од различни медиуми и од регионална соработка со други училишта.
- ✓ Наставата во одделенска настава и по сите наставни предмети се реализира редовно и во пропишаниот обем
- ✓ Изборните / слободните изборни активности и предмети се во согласност со наставните планови и програми, Водичот за слободни изборни предмети во основното образование и со пропишаните процедури во училиштето во кои се содржани интересите на учениците.
- ✓ Сите наставници, задачите и активностите ги приспособуваат на индивидуалните образовни потреби на учениците. При тоа, наставниците користат различни приоди и ресурси за учење и настава, не ограничувајќи се исклучиво на учебници и дополнителна прирачна литература.
- ✓ За учениците со ПОП се користат методи и техники според нивните потреби.
- ✓ ТУИ-тимот (тимот за училишна интеграција) го спроведува акцискиот план за следење на реализацијата на активностите на МИО планирани во годишната програма.

| |
|---|
| ✓ ТУИ-тимот исто така се координира со комисијата за МИО при локалната самоуправа за спроведување на општинските од Стратегијата за МИО и младински активизам.<br>✓ ТУИ-тимот редовно ги пополнува анкетните прашалници за потребите на комисијата за унапредување на МИО при МОН. |
| Слаби страни :<br><br>o Послабо учество во интернационални проекти поддржани од МОН, меѓународни конкурси и слично.<br>o Недоволно учество на проектни активности добиени преку грантови од МОН.<br>o Јазично балансирани„мешани“ групи ученици од различни наставни јазици (проблем е да се избалансира бројот заради малиот број на ученици).<br>o Линеарното учење и унапредување на личен и профрсионален план на наставниците потребно е дополнително да се развива.<br>o ВЕБ-страна на училиштето.<br>o Да се изработи кодекс на однесување на родителите.<br>o Изготвување систем за пофалби и награди, за прогласување на ученик на генерација, за учество во вonнаставни активности и постигнување повисоки резултати на учениците. |
| Идни активности:<br><br>➢ Изготвување систем за пофалби и награди, за прогласување на ученик на генерација,за учество во воннаставни активности и постигнување повисоки резултати на учениците.<br>➢ Дебата со училишната заедница и училишниот парламент за организирање на воннаставни часови (нагледни и отворени).<br>➢ Поттикнување на сите ученици за вклучување во воннаставните активности и анкетирање за нивните индивидуални интереси.<br>➢ Реализирање работилници за запознавање на родителите со правата и обврските на децата. |

Извештајот за првото подрачје го изработи тимот:

- Координатор: Жанета Савевска
- Дивна Поповска
- Соња Ставреска
- Аница Соколевска
- Кристијан Милошевски
- Санте Марковска

## ПОДРАЧЈЕ 2:ПОСТИГАЊА НА УЧЕНИЦИТЕ

**Индикатори за квалитет и теми:**

**2.1. Постигања на учениците**

2.1.1.Следење на постигањата на учениците од различен пол и јазик на наставата според наставни предмети и според квалификациски периоди

2.1.2.Резултати од екстерни тестирања

2.1.3.Идентификување и поддршка на учениците со тешкотии во учењето, на надарените ученици и на учениците со попреченост

2.1.4.Известување на родителите/старателите за постигањата на учениците

**2.2. Мерки за подобрување на постигањата**

2.2.1.Редовност во наставата

2.2.2.Советување на родители/старатели и ученици

2.2.3.Подобрување на постигањата на учениците преку редовната и дополнителната настава

**Резултати:**

**Јаки страни:**

- ✓ Добар раководен орган и добар наставнички кадар кој се стреми за постигнување на што подобар успех на учениците;
- ✓ Посетување редовно на семинари наменети за усовршување на наставниците и дознавање на новините во образованието;
- ✓ Учество на учениците на натпревари, општински, регионални и републички и постигнување на високи резултати;
- ✓ Целосна реализација на програмата како во одделенска, така и во предметна настава;
- ✓ Реализација на воннаставни активности,
- ✓ Отворена соработка со родителите

**Слабости:**

- o Недоволна опременост на училниците со средства за реализација на наставата како во одредени предмети така и во одделенска настава,
- o Недоволна комуникација меѓу наставниците и родителите во однос на постигнувањата по одделни предмети,
- o Нужност од поголема соработка на родителите во процесот на идентификација

| |
|---|
| на талентирани и надарени ученици. |
| **Идни активности:**<br>➢ Подобрување на условите за работа;<br>➢ Добро опремени и современи училници;<br>➢ Подобрување на комуникацијата меѓу наставниците и родителите во однос на постигнувањата по одделни предмети,<br>➢ Изготвување на програми за идентификација, стимулација и промоција на талентирани и надарени ученици. |

Извештајот го изработија:

- Координатор: Магдалена Касовска
- СелвиШаторовска
- Цара Сековска
- Соња Касовска
- Сузана Тозиевска
- Ирена Икономовска

## ПОДРАЧЈЕ 3 - УЧИЛИШНА КЛИМА И ОДНОСИ ВО УЧИЛИШТЕТО

Резиме

Во однос на третото подрачје **Училишна клима и односи во училиштето ,** ООУ „ Браќа Миладиновци " има позитивни оценки во однос на четирите индикатори предвидени за ова подрачје: Училишна клима и односи во училиштето, Еднаквост и правичност , Партнерски однос со заедницата и Севкупна грижа за учениците.

Индикатори во рамките на подрачјето

3.1. Училишна клима;
3.2. Еднаквост и правичност;
3.3. Партнерски однос со заедницата;
3.4. Севкупна грижа за ученици;

Резултати:

Јаки страни:

- ✓ Углед /имиџ на училиштето
- ✓ Кодекс на однесување
- ✓ Училишна клима
- ✓ Поведение и дисциплина во училиштето
- ✓ Учество на учениците во донесувањето на одлуки и решавањето на проблеми
- ✓ Познавање и почитување на правата на децата
- ✓ Еднаков и правичен третман на сите ученици
- ✓ Соработка на училиштето со родителите/старателите
- ✓ Соработка  со општината и урбаната заедница
- ✓ Превенција и заштита од насилство
- ✓ Заштита од пушење , алкохол и дрога
- ✓ Квалитет на достапна храна
- ✓ Хигиена и заштита од болести
- ✓ Грижа за безбедноста на учениците и вработените
- ✓ Грижа за ученици од социјално загрозени семејства
- ✓ Грижа за ученици со здравствени проблеми
- ✓ Грижа за социо-емоционалната добросостојба на учениците
- ✓ Давање помош при изборот за продолжување на образованието
- ✓ Постои добра училишна клима и однос меѓу ученици од различно етничко потекло, пол и социјален статус и е исполнет со почитување.
- ✓ Редовно, од страна на наставниците, стручната служба и правниот орган се следи односот на учениците во училиштето се со цел да се задржи добрата училишна клима и да се подобри истата.

| |
|---|
| ✓ Училиштето редовно и навремено ги известува родителите за успехот, поведението и дисциплината на нивните деца и добро соработува со нив преку класните раководители, родителскиот совет, се организираат родителски средби и др.<br>✓ Во училиштето одговорно и редовно се работи на воспитанието, редот и дисциплината.<br>✓ Постои одличен однос помеѓу раководниот орган и наставниците.<br>✓ Има соработка со други организации од локалната заедница зависно од условите.<br>✓ Отвореност на училиштето за соработка со стопански органи, фабрики, културни центри, друштва и др.<br>✓ Грижата за примање и испраќање на учениците е во нашето училиште е особено нагласена поради тоа што околу 80 % од учениците патуваат. Се организирани дежурства и различни видови на активности со што на учениците им се пружат правилен физички, емоционален, социјален и психички развој.<br>✓ Во училиштето има работна дисциплина, шувство за тимска работа вклушувајќи ги и учениците, добра соработка на училиштето со родителите и останатите заинтересирани субјекти, грижа за учениците и слично.<br>✓ Телефонските разговори и јавувања се користат за навремено известување на родителите за редовноста и поведението на учениците или за било каков проблем од воспитно-образовен карактер.<br>✓ За здравствените и менталните проблеми на учениците училиштето води шпосебна грижа. За тоа е ангажиран наставниот кадар и ПП службата, како професионално, така и морално. |
| Слабости<br><br>o Се уште постои недостаток од нагледни средства и технички помагала кој во извесна мера претставува празнина за целосно изведување и реализација на наставата.<br>o Подобрување на функционалноста и хигиената во тоалетите.<br>o Слаба инволвираност на родителите во училишните активности. |
| Приоритети<br><br>➢ Подобрување на условите за одвивање на образовниот циклус, училници, кабинети, наставни средства и помагала, како во централното, така и во подрачните училишта.<br>➢ Санација на казанчињата во тоалетите. Училиштето континуирано да врши проверка на одржувањето на хигиената. |

Извештајот го изработиле :

- Координатор: Мицановска Љубица
- Сузана Димовска
- Благуна Тасевска
- Катерина Секуловска
- Вангел Крстиновски
- Мери Ѓорѓиевска

## ПОДРАЧЈЕ 4: УПРАВУВАЊЕ, РАКОВОДЕЊЕ И КРЕИРАЊЕ ПОЛИТИКИ

Индикатори во рамките на подрачјето

4.1. Управување и раководење со училиштето;
4.2. Цели и креирање на училишната политика;
4.3. Партнерски однос со заедницата;
4.4. Севкупна грижа за ученици;

Резултати:

| |
|---|
| **Јаки страни:**<br>✓ Доследно спроведување на Законот за основно образование и негова примена во училиштето во сите области и сфери<br>✓ Доследно и навремено се спроведуваат донесените одлуки и решенија<br>✓ Училиштето има добра раководна структура, која може соодветно да одговори на обврските и предизвиците<br>✓ Раководниот тим има јасна визија за управување со конструктивност, правичност при донесување одлуки.<br>✓ Отворена комуникација и соработка на Директорот со наставниот кадар.<br>✓ Обезбеден оптимален и пријатен простор за учење, работа и престој во училиштето.<br>✓ Наставниот кадар во училиштето е квалитетен и компетентен |
| **Слаби страни:**<br>o Недоволна информираност на родителите за трошењето на училишниот буџет.<br>o Несоодветни услови за користење на библиотеката од страна на учениците.<br>o Покажување на слаб интерес од родителите за учество во Советот на родители.<br>o Слаба информираност на родителите со работата на Советот на родители |
| **Приоритетни подрачја (идни активности)**:<br>➢ Приоритетни подподрачја (оддели) во рамките на ова подрачје кои може да бидат вклучени во планот за развој на училиштето<br>➢ Организирање почести состаноци на Советот на родители за пренесување на информации од работата на училишниот кадар и за начинот на кој се искористува училишниот буџет.<br>➢ Подобрување на условите во училишната библиотека, реновирање и опремување на просторот.<br>➢ Мотивирање на родителите за активно да учествуваат во работата на училиштето и во донесувањето на плановите за работа. |

Извештајот го изработиле:

- Координатор: Наташа Нечовска
- Николче Николовски
- Џенифер Ќазимовска
- Илија Јаневски
- Павел Митревски
- Никола Чаловски

## Заклучок

Резултатите од Самоевалуацијата за период 2022 - 2024 година со предлог на мерки за подобрување на квалитетот на воспитно –образовната работа, комисијата ги доставува до училишниот одбор, директорот на училиштето и основачот.

Извештајот ќе се објави на интернет страницата на општината.

Исто така извештајот со резултатите од Самоевалуацијата училиштето во електронска форма го доставува до Државниот испитен центарво рок од 30 дена од денот на завршувањето на самоевалуација.